Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 11 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 09:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Нацаковска и Ирена Арнаудовска - Малинкова државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Дрита Абдиу Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Беким Сали, министер за здравство, Насер

Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Цемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ (NEXT.E.GO MOBILE) ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, со текст на Договор и Предлог-одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Предлог – одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

5. Предлог–одлука за дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки

6. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплов (хеликоптер UH-60) на вооружените сили на Соединетите Американски Држави од мисијата КФОР 30 – Косово, со Предлог – одлука

7. Информација за потребата за преземање на ингеренции за грижа на наследството на Мајка Тереза и нивно додавање на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### <u>Точка 1</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ (NEXT.E.GO MOBILE) ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, со текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање

согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ (NEXT.E.GO MOBILE) ДООЕЛ увоз-извоз Тетово - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Тетово, во предложениот текст.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

**1.** Владата заклучи Заклучокот по Точка 16 (Прашања и предлози) од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јули 2022 година, донесен по Известувањето од Министерството за финансии бр.09-5211/3 и 09-5062/2 од 8 јули 2022 година, а во врска со неможноста за спроведување на Одлуката за прифаќање на исплатениот паричен надомест на четворица припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија како справедлив надомест на нематеријална штета со бр.41-4818/1 од 25 мај 2022 година кој гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави соодветна одлука за решавање на ова прашање." да се измени и да гласи:

„Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да подготват и во рок од седум дена до Владата да достават предлог-одлука, согласно известувањето на Министерството за финансии (исплатата на средствата да се изврши преку буџетот на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, со наведување на раздел, сметка, потпрограма, ставка и износ."

**2.** По повод известувањето на Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, за појавата на африканската свинска чума во Република Северна Македонија, Владата заклучи:

1) Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на денешниот ден да ја информира Владата за состојбата и преземените мерки во врска со африканската свинска чума.

2) Да се формира координативно тело за подобра институционална координација за преземање на мерки за справување со африканската свинска чума, со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за храна и ветеринарство, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, Здружение на одгледувачи на свињи „Гицко" и доколку има потреба и други институции, за што е потребно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви соодветна предлог – одлука.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплов (хеликоптер UH-60) на вооружените сили на Соединетите Американски Држави од мисијата КФОР 30 – Косово, со Предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплов (хеликоптер UH-60) на вооружените сили на Соединетите Американски Држави од мисијата КФОР 30 - Косово.

2. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон Криволак, во предложениот текст.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално-технички средства на вооружените сили на Армијата на Соединетите Американски Држави, од мисијата КФОР на Република Косово за потребите на обуката, на територијата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со

активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за преземање на ингеренции за грижа на наследството на Мајка Тереза и нивно додавање на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје и заклучи ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје и Министерството за култура да одржат состанок со цел изнаоѓање на решение во врска со Барањето за Гонџа Бојаџиу - Мајка Тереза, односно нејзиното наследство да биде прогласено за национално богатство на Република Северна Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 09:25 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Tahir Hani**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr Artan Grubi**